# совет за етика во медиумите на македонија

06.06.2016г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Центарот за економски анализи, за текстот со наслов “Власта пред избори го одврзува кесето, а после ќе го стега ременот”, објавен на 15.04.2016 година, во неделниот број 1071 на Фокус**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот е професионален, етички и испочитувани се професионалните стандарди

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 25.04.2016 година, Центарот за економски анализи поднесе жалба за текстот со наслов "Власта пред избори го одврзува кесето, а после ќе го стега ременот", објавен на 15.04.2016 година, во неделниот број 1071 на Фокус.

Во жалбата се наведува дека во текстот се прекршени авторските права.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со неделникот Фокус и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Зоран Димитровски, одговорен уредник во редакцијата Фокус, достави одговор на наводите на жалителот. Во одговорот се вели дека редакцијата ги отфрла наводите на Центарот за економски анализи дека во спорниот текст се "прекршени авторските права, етичките норми и стандарди и добрите новинарски практики",, наведувајќи дека овие наводи не ја одразуваат вистината. Димитровски вели дека во текстот во ниту еден момент не се сугерира дека податоците се авторско дело, бидејќи станува збор за официјални податоци од буџетското работење на државата и коректно се цитирани изворите на податоците и информациите, кои се сублимирани во анализа чија поента е дека државата засилено троши буџетски средства во предизборните периоди. Во продолжение на одговорот се вели дека во текстот е уредно апострофирано и дека дел од овие податоци за буџетските трошења ги има токму во извештаите од ЦЕА, и тоа на почетокот на презентацијата на податоците од извештаите, и оттука „сосема непотребно е на крајот на секоја фраза или реченица да се цитира од каде се преземени". Се наведува и дека неделникот Фокус ја објавил реакцијата на ЦЕА за спорниот текст.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е НЕОСНОВАНА.

***

# совет за етика во медиумите на македонија

На седницата на 20.05.2016 година, Мери Јордановска беше изземена од расправата за случајот, во согласност со член 10 од Деловникот на Комисијата за жалби поради судир на интереси, бидејќи е ангажирана во Комисијата, се' со цел да се обезбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата. Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Центар за економски анализи и направи увид во наведениот текст.

Комисијата за жалби констатира дека изворот на податоците – ЦЕА е споменат на почетокот на поглавјето кога се пренесуваат податоците од анализата. Не е нарушен Кодексот на новинарите на Македонија, но им се укажува и препорачува на медиумите во иднина, при презентирање на табеларни графички прикази, прецизно да се означи изворот на податоците/информацијата.

***

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Гоце Герасимовски, Сефер Тахири, Филип Ѓурчиновски и Теофил Блажевски.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595